РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-2155/2
12. 09 20 25 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Тара Концепт ДОО од ул. Христо Татарчев 47Т-31 Скопје, [redacted], со број 10-2155/1 од 29.08.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Тара Концепт ДОО од ул. Христо Татарчев 47Т-31 Скопје, [redacted] заверено под број 10-2155/1 од 29.08.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Тара Концепт ДОО од Скопје, преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 29.08.2025 година заверено под број 10-2155/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација вкупен број на правосилни одобренија за градба(високоградба и реконструкција) издадени од страна на Општината во период од 01.01.2024 до 01.09.2025; Имиња на физичките или правните лица на кои им се издадени овие одобренија; Катастарските парцели и адреси на објектите за кои се издадени одобренијата; Типот на објект (високоградба, реконструкција, станбен, деловен).

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека при добиениот одговор од Секторот за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка, од страна на Градоначалникот на Општина Ресен согласно законските надлежности за периодот од 01.01.2024 година до 01.09.2025 година издадение се вкупно 68 (Шеесет и осум) правосилни одобренија за градење. Од истите 47 (четириесет и седум) се за изградба или реконструкција на инфраструктурни, линиски објекти, останатите 21 (дваесет и еден) правосилни одобренија се издадени за градење на објекти (високоградба) од кои 11 за (станбен простор) и 10 за (деловен простор). Од наведените одобренија за високоградба 4(четири) одобренија се издадени за реконструкција на постоечки објекти и 17 (седумнаесет) за изградба на нови објекти.

По однос на останатите податоци од предметниот допис истите претставуваат личен податок и нема да ги доставиме.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН